# УЛОГАТА НА МАЖОТ И ЖЕНАТА ВО ХРИСТИЈАНСКАТА И МУСЛИМАНСКАТА НАРОДНА ТРАДИЦИЈА ВО МАКЕДОНИЈА

**Раководител - главен истражувач:** д-р Соња Ризоска-Јовановска,
**Соработници:** д-р Танас Вражиновски, д-р Владимир Караџоски
**Траење на проектот:** 2004-2006 година

Полот бил и останал централен проблем во човековото постоење во сите познати религии. Тој е точката на пресекот меѓу двата света во човечкиот организам. Машкиот и женскиот пол фигурираат во народната религија како пар на спротивставени поими, што повлекува нивното проучување да биде заедничко и неделиво. Затоа почетното истражување на оваа проблематика се движи во насока кон откривање и проследување на специфичните моменти, преку кои можеме да ја согледаме улогата, како и статусот и местото кои ја имаат мажот и жената, помеѓу традиционалниот модел на однесување и процесот на модернизација. Во согласност со тоа, предмет на овој проект е истражувањето на народните верувања и претстави, како и социјалните односи и обредните активности кај Македонците со православна и исламска вероисповед, Албанците, Турците, Србите, што значи на припадниците на две различни религии, христијанската и исламската, во кои ќе бидат опфатени сите сличности, разлики, допирни точки и преклопувања.